РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
Бр 09-761/1
02.07.2024 год
ПЕХЧЕВО

Врз основа на член 30 став 1 алинеја 2 и став 3 и член 48 од Законот за административни службеници (Службен Весник на Република Македонија број 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/2018 и Службен Весник на Република Северна Македонија број 275/2019 и 14/2020) и Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката за селекција, во зависност од категоријата на работното место за кое е објавен интерниот оглас (Службен Весник на Република Македонија број 11/2015), во согласност со Правилникот за систематизација на работни места во Општина Пехчево бр. 01 - 1396/1 од 28.11.2023 година Општина Пехчево објавува

# ИНТЕРЕН ОГЛАС БРОЈ 01/24

За унапредување на три (3) административни службенци во Општина Пехчево за следните работни места:

**(1) Советник за планирање на локален економски развој во одделение за локален економски развој во општина Пехчево шифра УПР0101В01000 – 1 извршител,**

**(2) Советник за вработување и унапредување на информативниот систем за човечки ресурси во одделение за управување со човечки ресурси во општина Пехчево шифра УПР0101В01000 – 1 извршител,**

**(3) Советник за комунални работи во одделение за урбанизам, комунални дејности и животна средина во општина Пехчево шифра УПР0101В01000 – 1 извршител,**

**Општите услови кои треба да ги исполнуваат кандидатите се:**

- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

**Посебни услови за работното место се:**

- за работно место под реден број (1) - ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен – Општествени науки и најмалку три годиниработно искуство во струката,
- за работно место под реден број (2) - ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен – Општествени науки и најмалку три годиниработно искуство во струката,

- за работно место под реден број (3) - ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен – инженерство и технологија и најмалку три години работно искуство во струката,

**Општи работни компетенции се:**

- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг
- учење и развој
- комуникација
- остварување резултати
- работење со други/тимска работа
- стратешка свест
- ориентираност кон странките/засегнати страни и
- финансиско управување

**Посебни работни компетенции се:**

- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски),
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

На интерниот оглас може да се јави административен службеник вработен во Општина Пехчево, кој ги исполнува општите и посебните услови за пополнување на работното место пропишани за соодветното ниво во Законот за административни службеници и актот за систематизација, како и:

- да е оценет со оцена „А“ или „Б“ при последното оценување на кое бил оценуван,
- да е на работно место на непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас,
- да поминал најмалку две години на исто ниво и
- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

Распоред на работно време:

- Работни денови од понеделник – петок
- Работни часови неделно - 40
- Работно време од 07:30 часот до 15:30 часот

Паричен нето износ на плата: 37.905,оо,оо денари

По објавениот интерен оглас, заинтересираниот административен службеник поднесува пополнета пријава и докази за податоците содржани во пријавата преку архивата до организационата единица за управување со човечки ресурси.Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето во Архива на Општина Пехчево на улица„Равен“ бр.8, 2326 Пехчево. Пријавата и доказите

содржани во пријавата, освен во хартиена форма, треба да бидат испратени и електронски на официјалната е-маил адреса на Општина Пехчево opstina_pehcevo @t.mk.

Рокот за пријавување изнесува пет (5) денови, сметано од денот на објавувањето на огласот на веб страната на Агенција за администрација и веб страната на Општина Берово.

Кандидатите за унапредување се пријавуваат на интерниот оглас со поднесување на пополнета пријава и докази за податоците содржани во пријавата. Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази верни на оригиналот.

Кон пријавата, кандидатите можат да ги приложат и следните докази во скенирана форма:

- потврди за успешно реализирани обуки и/или
- потврди за успешно реализирано менторство (како ментор или менториран административен службеник.

По истекот на рокот за пријавување, огласот ќе биде отстранет од интернет страницата на Агенцијата за администрација и Општина Пехчево.

Кандидатите се должни пријавата да ја пополнат во целост, прецизно и со точни податоци.

Пријавените кандидати на интерниот оглас, ќе бидат известени за времето и местото на одржување на секоја следна фаза од постапката за унапредување на административен службеник и тоа:

Фаза 1 - Административна селекција, и

Фаза 2 – Интервју.

**НАПОМЕНА:**

Лицата кои дале лажни податоци во пријавата се дисквалификуваат од натамошна постапка.

Општина Пехчево
Градоначалник
Александар Китански

ЕДИНИЦА НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
**ОПШТИНА ПЕХЧЕВО**

**MUNICIPALITY of PEHCEVO**
Raven 8 2326 Pehcevo Republic of North Macedonia
Tel/fax: ++389 033 441 321 + +389 033 441 321
e-mail: opstina_pehcevo@t.mk WEB: www.opstinapehcevo.com.mk

| | |
|---|---|
| **ИМЕ И ПРЕЗИМЕ** | |
| **ЕМБГ** | |
| **ДАТУМ И МЕСТО НА РАЃАЊЕ** | |
| **АДРЕСА И МЕСТО НА ЖИВЕЕЊЕ** | |
| **ЕМАИЛ** | |
| **КОНТАКТ ТЕЛЕФОН** | |
| **ПРИПАДНОСТ НА ЗАЕДНИЦА** | |
| **РАБОТНО ИСКУСТВО** | |
| **СТРУЧНИ КВАЛИФИКАЦИИ /ВИД НА ОБРАЗОВАНИЕ** | |
| **Дали ги исполнува** | 1) да е државјанин на Република Македонија |

| | |
|---|---|
| **општите услови за работното место со наведување ДА/НЕ (заокружете) за секој услов и кои документи ги приложува како доказ:** | ДА/НЕ<br><br>- документ:<br><br>2) активно да го користи Македонскиот јазик ДА/НЕ<br><br>3) да е полнолетен ДА/НЕ<br><br>- документ:<br><br>4) да има општа здравствена состојба за работното место ДА/НЕ<br><br>- документ:<br><br>5) со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност ДА/НЕ<br><br>- документ: |
| **Дали ги исполнува посебните услови за работното место и кои документи ги приложува како доказ:** | |
| **Изјава за исполнување на дополнителен услов од огласот, со наведување ДА/НЕ за секој услов, доколку се бара и кои документи ги приложува како доказ:** | |
| **Дополнителни документи кои кандидатот ги доставува, кои не се бараат во огласот, но кои смета дека се од важност за неговата апликација за работното место:** | |

**Под материјална и кривична одговорност потврдувам дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази верни на оригиналот.**

**Подносител на пријавата:**

__________________________

(цело име и презиме и скратен потпис)